Бр./Nr 12-680/4
22-05-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 31-ва седница одржана на 22.04.2026 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-3015/1 од 21.11.2024 година оформен по пријава против службеното лице ------- ------------, член на Комисијата на Агенцијата за ----------------- -------------------- на РСМ, **СЕ ЗАПИРА** поради тоа што со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на закон од страна на пријавеното службено лице.

Предметот со број 12-3015/1 од 21.11.2024 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-3015/1 од 21.11.2024 година е оформен врз основа на пријава понесена од непознат подносител и дополнување на пријавата со број 12-1203/1 од 02.04.2025 година. Пријавата се однесува за службеното лице ------ ---------, именуван од страна на Собранието на Република Северна Македонија за член на Комисијата на Агенцијата за ----------------- ---------------- на РСМ, со Одлука бр.08-------------- од 12.11.2024 година, објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.----- од ---11.2024 година.

Во пријавата подносителот наведува дека наведеното лице било носител на партиски функции, што е во спротивност со членот 17 став 1 од Законот за ----------- ---------------- согласно кој во текот на времетраењето на нивниот мандат членовите на Комисијата не можат да бидат пратеници во Собранието, членови

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

на Владата, како и лица кои извршуваат должности во органите и телата на политички партии.

Државната комисија, постапувајќи по пријавата, а со цел за проверка на наводите и правилно и целосно утврдување на фактичката состојба достави барање за информации и податоци до политичката партија ВМРО – ДПМНЕ.

Политичката партија ВМРО – ДПМНЕ во законскиот рок достави одговор на барањето со кој ја извести Државната комисија дека именуваното лице не извршува функции во органите и телата на оваа политичка партија, а наведеното се потврди и при увидот во јавно достапните податоци за партијата на нејзината веб страница.

Врз основа на наведеното, Државната комисија констатира дека не постои повреда на закон од страна на пријавеното службено лице, поради што нема основ за понатамошно постапување и одлучи да ја запре постапката.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: С. С. М., член